**СНОВЕН СУД ОХРИД**



# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИОТ СУД ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА

**Охрид,**

**Јануари, 2023 година**

# 1. Податоци за работа со предмети

Во текот на 2022 година во Основниот суд Охрид новопримени се 17.552 предмети што е за 1018 предмети поголем прилив од 2021 година. Остаток од претходната година се 4.375 предмети или вкупно во работа беа 21.916 предмети, решени се 16.363 што претставува зголемување на бројот на решени предмети за 138 предмети во однос на претходната година, а за решавање останале 5.553 предмети.

Треба да се напомене дека од остатокот на предмети 1.731 се оставински предмети кои се во работа кај нотари.

По оддели состојбата е дадена во следната табела:

| ОСНОВЕН СУД | | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Вкупно решени предмети | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **КРИВИЧЕН ОДДЕЛ** | Определени дејствија во претходна постака | 7 | 362 | 1 | 368 | 349 | 19 |
| | Оцена на обвинителен акт во кривично | 7 | 41 | | 48 | 42 | 6 |
| | Разни кривични предмети | 11 | 4512 | | 4523 | 4503 | 20 |
| | Предмети за кривични полнолетни | 284 | 413 | | 697 | 345 | 352 |
| | Кривични малолетни | 14 | 7 | | 21 | 14 | 7 |
| | Замолници во кривична област | 3 | 25 | | 28 | 26 | 2 |
| | Кривичен совет ( во претходна постака ) | 27 | 395 | 1 | 421 | 403 | 18 |
| | **Прекршочни предмети** | 962 | 2401 | 3 | 3360 | 1815 | 1545 |
| | Разни прекршочни предмети | 16 | 447 | | 463 | 434 | 29 |
| | Извршување на прекршочни глоби, трош.ипаушал | 47 | 1917 | | 1964 | 1575 | 389 |
| | Условен отпуст и прекин на казна | | | | | | |
| | КУИКП | 36 | 43 | | 79 | 55 | 24 |
| | Извршување на одземен имот и предмети | 8 | 29 | | 37 | 30 | 7 |
| | Извршување на кривични глоби , трошоци | 78 | 268 | | 346 | 254 | 92 |
| | Изврш. на крив. и прекрш. санкции и алтерн. | 2 | 860 | 1 | 861 | 857 | 4 |
| | Прекин на издржување казна | | | | | | |
| | Кривичен совет за прекроци | | 12 | 1 | 11 | 11 | |
| **ВКУПНО КРИВИЧЕН ОДДЕЛ** | | **1502** | **11732** | **7** | **13227** | **10713** | **2514** |
| **ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ** | Парнични мала вредност | 313 | 356 | 1 | 668 | 438 | 230 |
| | Имотни спорови - проширена надлежност | 227 | 245 | 2 | 470 | 253 | 217 |
| | Семејни спорови | 72 | 126 | | 198 | 146 | 52 |
| | Облигациони спорови | 136 | 115 | | 251 | 127 | 124 |
| | Работни спорови | 97 | 235 | 1 | 331 | 140 | 191 |
| | Трговски спорови | 39 | 30 | | 69 | 39 | 30 |
| | Платни налози по приговор | 17 | 19 | | 36 | 17 | 19 |
| | Повторување во парница | | | | | | |
| | Стечај | 15 | 58 | | 73 | 57 | 16 |
| | П.П.Н.И. | 6 | 170 | | 176 | 164 | 12 |
| | ЗАВ | 8 | 1502 | | 1510 | 1500 | 10 |
| | Против извршување | | | | | | |
| | Оставина по приговор | 1 | 10 | | 11 | 11 | |
| | Замолници | 5 | 9 | | 14 | 11 | 3 |
| | Разни ВПП | 17 | 964 | | 981 | 966 | 15 |
| | **Оставина** | **1577** | **693** | | **2270** | **539** | **1731** |
| | Одземање деловна способност | | | | | | |
| | Физичка делба | 39 | 56 | | 95 | 52 | 43 |
| | ВПП | 285 | 635 | | 920 | 593 | 327 |
| **ВКУПНО ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ** | | **2854** | **5223** | **4** | **8073** | **5053** | **3020** |
| **Предмети од судска управа** | | 17 | 561 | | 578 | 561 | 17 |
| **Доверливи предмети во судска управа** | | | 2 | | 2 | 2 | |
| **Слободен пристап до информации** | | | 15 | | 15 | 15 | |
| **Евиденција на претставки и поплаки** | | 2 | 19 | | 21 | 19 | 2 |
| **СЕ ВКУПНО** | | **4375** | **17552** | **11** | **21916** | **16363** | **5553** |

Графичкиот приказ е следен:




## 2. ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Основниот суд Охрид 2022 година ја заврши со вкупно 73 вработени. Од кои 12 судии, при што еден судија е со половина работно време и претседател на судот. Инаку, според Систематизацијата за ОС Охрид предвидени се 18 судиски места . Вкупно вработени во судската служба се 60.

Во тековната година поради заминување во пензија или напуштање на работното место по сопствен избор се 5 вработени помалку, а согласно одобрениот План за вработување за 2022 година одобрени се 4 нови вработувања и истите се спроведени по пат на јавен оглас.

Оваа бројка е недоволна за навремено и квалитетно извршување на работните задачи. Од тие причини судот во Планот за вработување ја истакнува потребата од зголемување на бројот на вработени , а како најприоритетни вработувања во судот кои треба да се пополнат, се следните работни места: Раководни судски службеници - 1 извршител, стручни судски службеници -5 извршители, Информатичар - 1 извршител, судски службеници за во судски писарници – 4 извршители Дактилографи -2 извршители, оператор на телефонска централа -1 извршител и технички секретар на претседателот 1- извршител.

Обуките на вработените се реализираат согласно распоредот изработен од страна на Академијата за обука на судии и јавни обвинители и истите имаат позитивен ефект во подобрување на квалитетот на работење, посебно во разрешување на одредени правни прашања. Потребно е да се напомене дека во текот на 2022 година поради состојбата со КОВИД 19 пандемијата, обуките се одржуваа on line, за што беа обезбедени соодветни услови за нивна реализација. Обуките од први ноември 2022 година повторно почнаа да се одржуваат со физичко присуство.

## 3. ИЗВЕШТАЈ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА СУДСКА ПРАКСА

Во Основен суд Охрид се врши редовна анализа на судската пракса, а со цел унапредување на правната мисла и тоа на ниво на судот и поединечно на ниво на оддели кои работат во состав на овој суд.

Во смисла на подобра унификација и хармонизирање на судската пракса на апелациското подрачје Битола, а заради подигање на степенот на правна сигурност и еднаквост на странките во постапките кои се водат пред овој суд, редовно секој месец и тоа до 5-ти во месецот се одржува Седница на судиите на Основен суд Охрид на која покрај разгледување на месечните извештаи за работата на секој судија поединечно и на судот како целина, како и разгледувањето на состојбата со стари нерешени предмети се води дискусија помеѓу судиите за унификација на судската пракса.

Дискусиите кои се водат на одржаните месечни седници на судии се состојат во разгледување на поединечни предмети и одлуки на овој суд и Апелациониот суд Битола и заземање на мислења и ставови за постапувањето и одлучувањето.

Редовно еднаш месечно, а доколку се јави потреба во оваа смисла се одржуваат и повеќе пати состаноци на кривичен и граѓански оддел на овој суд на кои состаноци се разгледуваат правни прашања врз основа на што се носат заклучоци и ставови кои редовно доколку има потреба се доставуваат со барање за заземање на став од одделите во Апелационен суд Битола, повторно со цел усогласување на судската пракса. Истовремено, на овие состаноци сите судии од страна на Претседателот на судот и претседателите на одделите се запознаваат со донесени заклучоци за заземени ставови и мислења од страна на Апелациониот суд Битола и сите одржани работни средби.

Треба да се напомене дека усогласувањето на судската пракса на овој суд и одделите кои работат во состав на истиот е олеснето со оглед дека со измените кои се воведуваат во судскиот систем, судиите сега имаат пристап до јавно објавените одлуки на сите судови во државата, ќе имаат достапност до дата базата за судска пракса на Врховен суд на РМ, како и публикациите од пресуди донесени од Европскиот суд за човекови права, што обезбедува и ќе го зголеми степенот на усогласеност на судската пракса и единстово во примената на законите за што континуирано се води сметка во Основниот суд Охрид.

## 4. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

Во 2022 година во канцеларијата за односи со јавност беа примени и одговорени 15 барања. Барањата кои што беа примени во канцеларијата и истите беа одговорени, најчесто се однесуваа на давање на статистички податоци од работата на судот.

На WEB страната на судот во текот на 2022 година се објавени 787 анонимизирани одлуки. Бројот на анонимизираните одлуки во многу зависи од информатичката опрема (квалитет на компјутери) како и од дизајнот на Web страната и брзината на интернет врската.

На WEB страната редовно се објавува календарот на судења, годишни и квартални извештаи , статистички податоци за движењето на податоци во текот на годината, распоредот за работа на судот, информации за текот на спроведување на постапките за нови вработувања , важни документи, правилници, планови и други актуелни соопштенија поврзани со работата на судот како и соопштенија за информирање на граѓаните во врска со отворените денови организирани од судот.

Во текот на 2022 година извршени се 11.253 електронски достави до странките.

## 5. ИЗВЕШТАЈ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ

**Персонални компјутери** –

Во Основниот суд Охрид моментално има 72 персонални компјутери. Според карактеристиките и старосната состојба компјутерите може да се заклучи дека дел од истите не ги исполнуваат основните барања за ефикасно и брзо извршување на работните задачи на вработените. Заради надминување на овој проблем неопходна е замена на дотраените компјутери и компјутери со несоодветни карактеристики, со компјутери кои ќе ги исполнуваат потребните стандарди за работа. За да се надмине овој проблем потребни се минимум 10 персонални компјутери.

**Печатари** –

Во судот активни се 57 печатари. Дел од нив се мрежни печатари кои се користат во шалтер салата и одделенијата. Дел од печатарите се доста стари со завиден век на траење. Со набавка на 10 локални печатари и со извесна прераспределба на постоечките, состојбата во судот значително би се подобрила.

**Состојба со сервери-**

Во текот на 2022 година како дел од групната јавна набавка обезбеден е нов сервер HPE ProLiant XL220n Gen10 Plus 1U Node , извршена е и online презентација на карактеристиките и архитектурата на хардверското и совтверското решение од страна на фирмата добавувач.

Располагаме и со сервер од типот Fujitsu стар повеќе од 10 години кој уште извесен период ќе биде во функција согласно препораките за периодот на миграција на податоците.

**Состојба со компјутерската мрежа –**

Моменталната состојба со мрежната опрема ги задоволува постоечките потреби, меѓутоа ако се набават нови компјутери сметаме дека ќе има потреба од

дополнителни свичеви. Староста на свичевите е исто така алармантна, затоа потребно е да се заменат со нови.

**Апликации и активности** –

Во судот активно работи АКМИС и АБМС апликацијата која редовно се ажурира и континуирано се врши обука за измените и новините кои се воведуваат.

Во функција е модулот за скенирање на поднесоци до судот и прикачување на истите кон досието на предметот.

Активна е и WEB страната на судот на која редовно се објавуваат анонимизирани одлуки, дневен распоред за судење, како и други соопштенија, извештаи и сл.

Во 4 судници воведено е тонско снимање на граѓанските предмети преку FEMIDA апликацијата истото се спроведува согласно судскиот деловник. Потребно е да се обезбеди хардверска поддршка за опремата за тонско снимање, како и прилагодување на софтверот за тонско снимање за поновите платформи на Windows.

Се спроведува и првата фаза за електронска достава на акти до учесниците во предметите на судот кои се регистрирани со електронско сандаче.

## 6. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА НА СУДОТ

Судот располага со четири службени возила, од кои едно е во дотраена состојба и не е во функција, а две од возилата се во неисправна состојба и се поставува прашањето дали поправката на истите има економска исплатливост со оглед дека се работи за постари возила. Според наше видување потребно е да се отпочне постапка за оттуѓување на истите. Според тоа судот располага само со едно возило кое е целосно функционално.

Во однос на безбедноста на предметите во судот треба да се каже дека потребите за архивирање се задоволени во поглед на просторни услови.

За безбедноста на вработените и странките се грижи судската полиција која е присутна во судот 24 часа. Во текот на 2021 година , во услови на пандемија од КОВИД 19 безбедноста на вработените во судот беше зголемена со употреба на пропишани здравствени протоколи ( мерење на температура на на сите вработени и странки, средства за дезинфекција на влезот и секој ходник, стаклени бариери во судниците и сл.)

Судската зграда е обезбедена и со видео надзор како и со картички за евиденција на пристап во судските простории освен во просториите кои се наменети за странки (шалтер сала, судници и сл.).

## 7. ИЗВЕШТАЈ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ИЗВРШЕНИ И ПЛАНИРАНИ

Во период од 01.01.2022 до 31.03.2022 година спроведени се јавни набавки и тоа:

1. **НАБАВКА И МОНТАЖА НА РЕЗЕРВОАР ЗА НАФТА ЗА ГРЕЕЊЕ.**

   - Склучен е договор со Друштво за производство, услуги и трговија ТЕХНОБЕН ХОВА увоз извоз ДОО Прилеп со вкупен износ во вкупна вредност од 684.800,00денари денари без ДДВ.

2. **ТОНЕРИ**

   Склучени се договори во вкупна вредност од 301.350 денари без ДДВ.
   - Со вкупен износ на договорот од 28.850,00 денари без ДДВ склучен со ТДПУ АСКОМ ДООЕЛ експорт –импорт Скопје;
   - Со вкупен износ на договорот од 272.500,00 денари без ДДВ склучен со ДППТУ ТРИНИКС ДООЕЛ СКОПЈЕ.

3. **ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

   Склучен е договор во вкупна вредност од **1.400.000,00** денари без ДДВ.
   - Со Друштво со ограничена одговорност ФУТУРЕ ЕНЕРЏИ ТРАЈДИНГ ЕНД ЕКСЧАЈНЏ ДИНАМИКС Косово Подружница ФУТУРЕ ЕНЕРЏИ ТРАЈДИНГ ЕНД ЕКСЧАЈНЏ ДИНАМИКС во Македонија, Скопје.

Во период од 01.04.2022 до 30.06.2022 година спроведени се јавни набавки и тоа:

1. **КАНЦЕЛАРИСКИ И ПЕЧАТЕН МАТЕРИЈАЛ**

- Склучени се договори во вкупна вредност од 296.265,00 денари без ДДВ.

- Со вкупен износ на договорот од **257.465,00** денари без ДДВ склучен со Друштво за услуги производство и трговија Пеликан Корпоратион ДООЕЛ Струга**;**
- Со вкупен износ на договорот од **38.800,00денари** без ДДВ склучен со Друштво за производство, услуги и трговија ЕКОС ДООЕЛ увоз-извоз Тетово.

2. **ХИГИЕНСКИ СРЕДСТВА**

- Склучен е договор вкупен износ од 165.130,00денари без ДДВ со Друштво за производство,трговија и услуги РИКИ-ЈУНИОР ДООЕЛ увоз-извоз Кочани.

3. **МОТОРНИ БЕНЗИНИ**

- Склучен е договор  вкупен износ од 249.990,00 денари без ДДВ без ДДВ со Друштво за производство, трговија и услуги МОБИ ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ Охрид

4. **МОБИЛНИ ТЕЛЕФОНИ – ГРУПНА ЈАВНА НАБАВКА**

- За процената вредност на договорот 120.000,00 денари без ДДВ.

5. **НАБАВКА НА СЕРВЕРИ – ГРУПНА ЈАВНА НАБАВКА**

- Анекс договор склучен вкупна вредност на договорот 1.252.080,00 денари без ДДВ, со Друштво за информатички инженеринг НЕОКОМ АД увоз извоз Скопје.

Во период од 01.07.2022год. до 31.09.2022 год. спроведени се јавни набавки и тоа:

1. **ЛЕСНО МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ – ЕКСТРА ЛЕСНО МАСЛО ЗА ДОМАЌИНСТВО-1 (ЕЛ 1).**

- Склучен е договор во вкупна вредност од 1.200.000,00 денари без ДДВ, со ДПТУ  Моби Петрол Охрид

**СУ-01- 6/23**
**25.01.2023 год.**

**ОСНОВЕН СУД ОХРИД**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ,**
**Васил Баткоски с.р.**